# Приходи, расходи и планирање на буџет

Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Во минатиот број научивме што се приходи, расходи и буџет. Имавме задача сами да го пресметаме нашиот буџет. Меѓутоа, време е на тестови, многу обврски, а од друга страна, убавото време нè мами да излеземе надвор. Но тука сме ние да ви помогнеме. Еве еден пример како треба да се состави табелата.



| Ден | 1. Приходи - од што, од кого? | 2. Приходи - колку? | 3. Расходи - за што? | 4. Расходи - колку? | 5. Салдо од приходи и расходи |
|---|---|---|---|---|---|
| Понеделник | Тато | 60 | Сендвич | 50 | 10 |
| Вторник | Мама | 60 | Кроасан | 40 | 20 |
| Среда | Баба | 50 | Ѓеврек и јогурт | 30 | 20 |
| Четврток | Дедо | 70 | Сендвич и сок | 60 | 10 |
| Петок | Тато | 60 | Кифла и чоколада | 50 | 10 |
| Сабота | Мама | 100 | Посета на Зоолошка градина | 50 | 50 |
| Недела | Тато | 100 | Чипс | 20 | 80 |
| Вкупно приходи Вкупно расходи = | | 500 | | 300 | 200 |

Тато и мама за викенд дале подеднакво по 100 денари. Викенд е, излегуваме, шетаме, се смееме и по малку трошиме....
Ајде да пресметаме колку изнесува вкупниот неделен приход! (500 денари)
Какво е твоето салдо, позитивно или негативно? (позитивно со 200 денари)
Дали заштеди или потроши повеќе отколку што имаш? Тие 200 денари значат дека си заштедил.
Ајде сега да планираме: ако добиеш неделен џепарлак од 600 денари, а потрошиш 350 денари, колку денари ќе заштедиш за еден месец? А колку за два или за три месеци? Ова е чиста математика!
Ако досега не си заштедил ништо, не е доцна да почнеш да штедиш. Според овој план, за три месеци ќе заштедиш 750 денари. Доаѓа лето, жешко време, без сладолед не се може. Со овие пари ќе си купиш многу сладоледи. Но, треба да се внимава да не се трошат парите само за сладоледи. Затоа треба да се планира и да се штеди.
И тато и мама штедат. Дали тие имаат доволно пари да ги платат сметките, да купат храна и да ни дадат џепарлак? Треба да одите на екскурзија, ќе требаат пари и за тоа! А ви требаат и нови патики и тренерки! Ете затоа треба да штедите. Да помогнете и вие со вашите заштеди!




наш СВЕТ

Забавник за млади

*Излегува секоја втора среда во текот на учебната година*

Година LV
Број 1777 (15)
мај 2014
Учебна 2013-2014
Цена 40 денари

ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р Павле Петров

Издава: Редакција
ДЕТСКА РАДОСТ

Одговорен уредник:
Билјана Чадиковска

Ликовно–графички уредник:
Давор Драмиќанин

Технички уредник–дизајнер:
Горан Павловски

Писател:
Горјан Петревски

Новинар:
Марија Богоеска

Лектор:
Дениз Тесторидес

Адреса на Редакцијата:
„Димитрие Чуповски“ 15
1000 Скопје ПОШТ. ФАХ 6

и-мејл:
nassvet2004@yahoo.com

ТЕЛЕФОНИ
Централа: (02) 31 17 255
Комерцијала: (02) 20 41 520
Телефакс: (02) 31 29 402
Жиро-сметка:
2500000000897-39
Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје
ЕДБ: 4030990209597
Банка депонент : Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје
Печати: „Европа 92“ Кочани

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

*Министерството за образование и наука на Република Македонија со Решение број 11-5300/5, дава согласност за употреба на списанието за деца „НАШ СВЕТ“ во воспитно-образовната работа во основните училишта во Република Македонија.*